**Здружение на судии**
**на Република Северна Македонија**
**Бр.** 3/0101
24.01.**20**22**год.**
**С К О П Ј Е**

Советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници при Здружение на судиите на Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 17.01.2022 година, донесе

## МИСЛЕЊЕ

***Судија може да биде член на Здружение при што во своето дејствување да се однесува на начин со кој се зачувува достоинството и дигнитетот на судиската функција и да се раководи од принципите утврдени во Кодексот за етика на судиите и судиите поротници.***

## О б р а з л о ж е н и е

До Советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници поднесено е барање од страна на судија на Основен кривичен суд кое содржеше прашање ***Дали е во ред судија да биде член на Ротари клуб во Скопје, основан со мисија членовите – професионалци од повеќе области и лидери во зедницата, своите вештини и можности да ги стават во служба на заедницата во која битисуваат.***

Советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници го разгледа барањето, па по истото го донесе погоре наведеното мислење, кое е превентивно и има советодавен карактер, при што секој судија кој што сака да биде член на определено здружение, во зависност од актите на здружението, треба да оцени дали членувањето е во согласност со принципите на Кодексот за етика на судиите и судиите поротници.

**17.01.2022, Скопје**

**Советодавно тело за етика на судиите и судиите поротници**
**Здружение на судиите на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Мирјана Радевска Стефкова**